## „НАСТАВА ПО ИСТОРИЈА, NASTAVA POVIJESTI, POÜK ZGODOVINE, НАСТАВА ИСТОРИЈЕ“, Загреб. (Број 1, 2, 3 и 4 1972 година)

Од број 1 1972 година „Настава по историја“ почна да излегува по календарска, а не по училишна година и веќе излегоа 4 броја. Списанието ја задржало својата физиономија и бројот на страниците. И оваа година Редакцијата настојувала да ги задржи постојаните рубрики: „НАСТАВА“, „НАУЧНИ РЕЗУЛТАТИ“ и „ИНФОРМАЦИИ“. Во четирите броеви просечно се поместени по 4 статии од наставата, 3—4 од научните резултати и 5—7 се информации (осврти, советувања, семинари, прилози на книги и списанија и др.). Списанието излегува на 60 страници.

Во бројот 1, во рубриката „Настава“, поместени се 4 статии. Првата статија од Зора Вујаклија, носи наслов „Реформација“ (наставен час во VII одделение од основното училиште). „Оваа наставна единица на учениците може да им даде основа за разбирање на многу настани (верски судрувања, однос на протестантите и католиците во Ирска, работата на Папата за зближување на различни вери, барањата на поповите католици за укинување на целибатите и др.“). Како што се гледа тоа е мошне значајна содржина од наставата по историја којашто не е доволно нагласена во наставната програма по историја, а учебниците ѝ посветуваат премалку простор. Наставниците ја обработуваа како одамна минат материјал, иако тоа има одраз на настаните што следат по темата. Затоа сметаме дека обработката на таа наставна единица: дидактичко-методски план, образовно-воспитни задачи, приказ на работата и др. даваат корисен материјал на наставникот. Во оваа рубрика поместени се и статиите: „О смисленем деловању младих згодовинариев у Словенији“, од Томаж Вебер, „Маргиналије о резултатима теста знања из историје у VIII разреду основне школе“ од Хусеин Сердаревиќ, „Изучавање прошлости завичаја“ од А. Брадиќ. Овие наслови содржат теоретски материјал и искуства на одделни наставници и училишта. Посебно би се задржале на содржината од насловот „Изучавање прошлости завичаја“. Во оваа статија е пренесено едно искуство од основните училишта од крушевачкиот крај. Во врска со прославата — Шест векови на Крушевац, донесена е задача учениците што подобро да се запознаат со минатото на Крушевац и околината. За извршување на таа задача посебно биле ангажирани секциите на младите историчари во училиштето. Меѓу другото, акцијата се однесувала кон собирање на уметнички слики, разговор со преживеани борци од овој крај, посета на историски споменици и друго. Во статијата се поместени искуствата што би можеле да послужат и на другите наставници за потполно остварување на задачите на наставата по историја во основните училишта. Во другите две рубрики — „Научни резултати“ и „Информации“, исто така донесени се интересни соопштенија.

Број 2 почнува со рубриката — „Настава“. Уводната статија е „Историографијата на Народно-

ослободителната борба и наставата по историја“ од д-р Којо Кушевски. Веруваме дека содржината од оваа статија кај читателите ќе предизвика интерес бидејќи историјата на Народноослободителната војна и Народната револуција како дел од наставата по историја е предмет на посебно интересирање за наставата по историја. Во таа насока содржината од оваа статија на читателите би им помогнала за подобрување на состојбата на образовно-воспитниот процес при остварувањето на наставната програма од тој дел. Статијата „Остатоци споменика римске културе у нашим земљама“ од Аница Томиќ е всушност пренесена наставна единица одржана во I клас гимназија, со групна форма на работа. Оваа наставна единица може да најде примена во сите гимназии во Југославија, бидејќи е застапена во наставните програми и е мошне потребна. Оваа констатација е позначајна затоа што содржината во учебниците е бегло обработена, а од оваа содржина се добива материјал, методски пристап кон обработката со групна форма на работа и илустрации. Такво значење и интересирање би имала и наставната единица „Грчко-персиски ратови“ од Александар Брадиќ, обработена во VI одделение на основното училиште. Меѓутоа, сметаме дека е време да се побара избегнување на прикажување на веќе вкалапениот ред на организацијата на часот: наставна тема, наставна единица, тип на часот, образовно-воспитно значење и задачи, форма на работа, удвоен дел на часот и др. Тоа зазема простор и време, а може да се избегне ако се прикаже само пристапот и резултатите, односно новините при реализирањето на содржината.

Во другите рубрики — „научни резултати“ и „Информации“, среќаваме статии коишто можат да користат на наставниците, но тие не се така интересни што бездруго би го привлекле вниманието на читателите.

Во бројот 3 првите две статии се посветени на Тито, по повод осумдесет годишнината од неговото раѓање. Во уводната статија под наслов „Тито у Загребу пред почетак Револуције“ од Ленгел Кризман, е објавен материјал во една целина, инаку што може да се најде во делови расфрлан и во друга литература.

Во рубриката „Настава“ прва статија е „О дидактичкој функцији класификације повјесних појмова“ од Часлав Мајорек. Овој текст, што настанал како резултат од истражувања што се спроведуваат на катедрата по историја на Вишата педагошка школа во Краков, Полска, ја прикажува структурата на знаењата по историја на учениците. Таа структура, според авторот, се состои од три категории: класифицирање, систематизирање и типолошки поими. Тие поими подробно се обработени во приложената статија. „Може да се рече дека начинот на определувањето на поимите е доказ на степенот на развојот на историското мислење на учениците“, се вели на крајот од материјалот. Тоа јасно говори дека овој материјал треба да го користат наставниците за свои потреби. Од интерес за учениците и наставниците треба да биде статијата „Историја међународног радничког покрета и идејно опредељење младих“ од Т. Жугиќ и З. Лакиќ.

Во оваа статија се изнесени резултатите од една анкета спроведена во неколку паралелки од III и IV клас гимназија. Изнесените резултати од оваа анкета и општото сознание за ориентацијата на учениците се поттик на наставниците секоја година, со уште поголеми знаења и дух, да им ја објаснуваат на учениците суштината на меѓународното работничко движење и неговата историска улога. Од содржината на статијата може да се види како и со кои прашања се врши слично анкетирање на слична тематика.

Од рубриката „Информации" наставникот не може да не се задржи на статијата под наслов „Место Југославије у општим историјама другог светског рата". Во оваа статија, авторот д-р Владо Стругар, на пластичен начин, со примери и коментар ни дава материјал за застапеноста на содржините од историјата на народите на Југославија печатен во одделни книги надвор од Југославија.

Број 4, главно, е посветен на 400-годишнината од Востанието на Матија Губец. Читајќи го материјалот, пред сé рубриката „Настава", читателот може да ги прошири своите знаења за тоа значајно востание во историјата, доста да научи и за методската обработка на материјалот, односно организацијата на часот. Навистина не би биле праведни ако подвојуваме некои статии од овој број како повеќе значајни и интересни од другите, бидејќи материјалот претставува своевидна целина. Можеби е потребно да одбележиме дека во овој број, во посебен прилог, е поместена карта од селската буна од 1573 година, како и шема од феудалната рента во Хрватска од средината на XVI век што можат да бидат користени во наставата по историја.

Еве не на крајот од краткиот приказ на четирите броеви од списанието „Настава по историја" за 1972 година. И овој пат ни се наметнува заклучокот дека Редакцијата се грижела во списанието да бидат третирани актуелните прашања од историјата како наука и предмет, да бидат третирани пред сé наставните проблеми по историја. Меѓутоа, сé уште останува актуелно барањето на практиката ова списание повеќе да содржи материјали од наставата по историја, да ја третира историјата како предмет, да излегува на повеќе страници, да биде побогато, во него да соработуваат поголем број соработници, историчари и практичари од училиштата во Југославија.

Се предлага рубриката „Настава" да биде проширена и доминантна, бидејќи намената на Списанието е да ги пренесува искуствата „Од пракса за пракса", како и теоретските сознанија и новини во таа насока.

Нека ни биде дозволено да побараме во списанието да се зацврсти за постојано рубриката што ќе донесува библиографија на сé што е вредно, што е печатено во текот на годината од методиката на наставата по историја во нашата земја и во странство.

Секако дека читателите на списанието се свесни дека нивните барања можат да се остварат само ако тие соработуваат со истото, ако даваат прилог за неговото квалитетно подобрување и збогатување и така и себеси да си помагаме.

**Д. Л.**